# Справување со минатото за подобра иднина

## Остварување **правда, мир и социјална кохезија** во регионот на поранешна Југославија

**Извештајот во кратки црти**

Извештајот ја прикажува сегашната состојба околу напорите во регионот за справување со тешките повреди на човековите права и меѓународното хуманитарно право извршени за време на распадот на Југославија.

Во него е нагласено дека за да се обезбеди подобра и миротворна иднина, потребни се **повеќе и подобри напори** за соочување со минатото во регионот.

## Соочувањето со минатото е прашање за сегашноста

Наративите на поделба и омраза што беа предвесник на војните во деведесеттите години на минатиот век повторно добиваат сила во регионот, речиси три децении подоцна. О**ва е закана за помирувањето, па дури и за мирот**, како што покажуваат актуелните настани во регионот.

Неуспехот за целосно справување со насилното минато има **катастрофални последици** врз почитувањето на човековите права, владеењето на правото и социјалната кохезија во земјите во регионот.

Соочувањето со минатото не е само осврт кон минатото; **тоа е суштествен предуслов за остварување на траен мир** во кохезивни, плуралистички демократски општества засновани на почитување на човековите права.

Соочувањето со минатото е фактор за превенција од повторување на злосторствата од минатото. Тоа е клучно за почитување и препознавање на правата на жртвите и создавање иднина во која конфликтот е помалку веројатен.

## Клучни наоди

Искуството од регионот за справување со минатото произведе некои позитивни практики од глобално значење.

Злосторствата извршени за време на војните во деведесеттите години на минатиот век беа пресретнати со решителност да нема неказнивост за најсериозните кривични дела. Важни лекции беа научени за справување со сексуалното насилство поврзано со конфликтот, како и со неговите последици. Регионот се смета и за позитивен модел за постапување во врска со потрагата по исчезнатите лица.

Осврtот кон насилното наследство поврзано со војните е долгорочен процес што бара трајна посветеност и ангажман од страна на домашните власти и меѓународната заедница.

Речиси три децении по војните, се случува забележливо назадување на процесите за соочување со минатото, што коинцидира со поширок пад на почитувањето на човековите права и владеењето на правото во неколку земји во регионот.

Наместо да се интензивираат кон завршница, гонењето на воените




### Распадот на Југославија

Распадот на Југославија го одбележаа разорните војни во 90-тите години од минатиот век и почетокот на 2000-тите години. Периодот се карактеризира со три големи војни: во Хрватска (1991-1995), Босна и Херцеговина (1992-1995) и Косово * (1998-1999) и два конфликти од помали размери: во Словенија (јуни-јули 1991) и Северна Македонија (во тоа време беше „поранешна југословенска Република Македонија") (јануари-август 2001). Војните се одликуваа со злосторства невидени на европскиот континент од Втората светска војна.

### Што значи соочување со минатото?

Тоа е процес на осознавање на наследството на широко распространети злоупотреби, за да се обезбеди правда и помирување – познат уште како и транзициска правда. Транзициската правда вклучува мерки како што се кривичен прогон, потрага по вистината, репарации, едукација и меморијализација, како и институционална реформа.

** Сите референции на Косово, без оглед дали на територијата, институциите или населението, треба да се разберат во целосна усогласеност со Резолуцијата на Советот на безбедност на Обединетите нации 1244 (1999) и без прејудицирање на статусот на Косово.*

злосторства, потрагата по исчезнатите лица и репарациите за жртвите се забавени или во застој последниве години. Тоа главно се должи на немањето политичка волја.

Други клучни мерки, како основањето комисии за вистина и помирување, ветингот на јавните службеници, справувањето со коренитите причини на војните, како и инклузивната меморијализација севкупно недостигаат.

Сегашниот контекст во регионот не е поволен за да се постигне искрено прифаќање на насилното минато. Не само што бројни политички лидери во регионот не покажаа посветеност на овој процес, туку тие и натаму манипулираат со минатото за да остварат политичка добивка. Другите актери во општеството, вклучувајќи ги верските лидери, јавните личности и некои медиуми, исто така придонесуваат кон трендот на негирање на воените злосторства и величање на осудените воени злосторници.

Бранителите на човекови права кои работат на овие прашања се' повеќе се соочуваат со непријателско опкружување.

### Методологија

Тематскиот документ е изграден врз основа на 15 години систематска работа на Канцеларијата на Комесарот за човекови права при Советот на Европа, на прашања поврзани со соочување со минатото во регионот, вклучувајќи го и дијалогот со националните власти.

Тој се надоврзува на претходниот Тематски документ објавен од Канцеларијата на Комесарот за човекови права во 2012 година, со наслов „Повоена правда и помирување во регионот на поранешна Југославија“ (достапен на англиски, босански, хрватски и српски јазик)

## Градење иднина каде конфликтот е помалку веројатен

Главната одговорност припаѓа на државите во регионот и нивните претставници, да ги оживеат напорите за справување со насилното минато, особено во сферата на судењата за воените злосторства, потрагата по исчезнатите лица, како и репарациите.

Овие процеси треба да се реализираат без манипулации, со цел да се обезбеди максимално почитување на правдата и помирувањето. Сите жртви на конфликтот треба да се вклучени во процесите, за да се покаже дека нивните потреби и гледишта ја сочинуваат основата на овие заложби.

Мора да постои нулта толеранција за негирањето на геноцидот и другите воени злосторства, како и поттикнувањето омраза против другите етнички групи.

Меѓугенерациската димензија на справувањето со минатото бара итно внимание во оваа фаза, за да се прекине постојното пренесување на траумата и омразата од една на друга генерација. Во сферата на интегрираното образование, предавањето историја и меморијализацијата, државите треба да спроведат закони и стратегии што даваат суштествен придонес во спротивставувањето со негирањето на злосторствата и ревизионизмот на минатото. Промовирањето интеракција меѓу младите луѓе од различните заедници и од различни земји треба да биде приоритет.

Од клучна важност е да се зајакне политичката и финансиската поддршка за посилно граѓанско општество што работи на транзициска правда. Активистите и натаму наоѓаат креативни начини да создадат амбиент за меморијализација што не создава поделби, туку стимулира помирување и перманентен мир. Граѓанското општество е во моментов најдобрата надеж за подобра иднина втемелена на човековите права и владеењето на правото.

Регионалната соработка е клучна компонента на успешното соочување со минатото во регионот, земајќи го предвид насилството од минатото и влијанието што настаните во оваа сфера во една земја може да го имаат врз другите. Подобрената регионална соработка е потребна во сите области на соочување со минатото, вклучувајќи ги судењата за воените злосторства, потрагата по исчезнатите лица, размената на научените лекции од минатото и активностите околу образованието и меморијализацијата. Истовремено, проектите на самоникнато, самоорганизирано ниво може да имаат реални ефекти, помагајќи им на луѓето и на заедниците да се соочат со насилното минато и тие треба да се поддржуваат.

Симнете го Тематскиот документ
https://bit.ly/IPTJ2023
(на англиски)

Симнете го Резимето
https://bit.ly/IPTJ2023summaryMKD

COMMISSIONER FOR HUMAN RIGHTS
COMMISSAIRE AUX DROITS DE L'HOMME

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE